Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса“ од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-101/35 од 20.5.2013 год. донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.5.2013 год., определени се членови на Рецензентска комисија за избор на **еден соработник-асистент (специјалист) за научната област *педијатрија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- проф д-р Елизабета Зисовска, претседател, насловен вонреден професор, вработена на УЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство, Скопје, педијатар;
- проф д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, член, насловен вонреден професор, вработена во Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ - Скопје, педијатар;
- доц. д-р Васо Талески, член, вработен на УГД, Факултет за медицински науки, Штип.

Конкурсот за овој избор објавен беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” од 30.4.2013 год. и во предвидениот рок се пријавија четири кандидати: (1) д-р Иван Милев, (2) д-р Јадранка Бреслиева, (3) д-р Луиза Донева, (4) д-р Шенаси Јусуфи.

По разгледување на приложената документација на кандидатите, Комисијата ја разгледа истата и направи бодирање, согласно со ПРАВИЛНИКОТ за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Табеларниот приказ на бодирањето е во прилог на овој реферат-извештај.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Според податоците за пријавените кандидати, а имајќи ги предвид последната верзија од Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип може да се констатира следново:

Кандидатите под реден број 3 (д-р Луиза Донева) и реден број 4 (д-р Шенаси Јусуфи) не ги исполнуваат законски пропишаните услови за избор во соработничко звање асистент. Поради тоа, нивните пријави не беа евалуирани.

Врз основа на податоците од пристигнатите пријави, евалуацијата се направи на двајцата кандидати кои ги исполнуваат основните услови за избор во соработничко звање – асистент (специјалист) за научната област педијатрија.

**Д-р Јадранка Бреслиева**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јадранка Бреслиева** е родена на 14 април 1973 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се запишува во 1992 година, а дипломира во ноември 1988 година, со просечна оценка 8,60.

Од 2000 до 2003 година се вработува во РЕ Итна медицинска помош во Штип, во 2002 година работи во Диспанзер за вакцинација на деца во основните училишта и на проекти за хронично болни деца. Од 2003 до 2004 година работи како лекар на Одделението за дијализа при Општата болница во Штип.

Во 2004 год. започнува специјализација по педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што на 4 јули 2008 год. пред испитна комисија го положува специјалистичкиот испит по специјалноста педијатрија и се стекнува со звање **специјалист по педијатрија**.

Оттогаш работи како специјалист-педијатар на Детското одделение во сегашната ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Кандидатката во период од три месеци од септември до декември 2011 год. успешно ја заврши едукацијата за педијатриска ехокардиографија на Клиниката за детски болести – оддел Кардиологија – Скопје од кога активно работи во ехокардиографскиот кабинет при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Нема едукациско искуство и не учествувала во научноистражувачки проекти.

Член е на Кардиолошкото здружение на Р. Македонија. Учествува на бројни конгреси и семинари, активно и пасивно, од областа на педијатријата во земјава и во странство. Добитник е на благодарница на Лекарската комора на Р. Македонија. Има одлично познавање на англиски јазик и компјутерски вештини.

***Стручни трудови доставени за рецензија:***

1. **Ј. Бреслиева** „Неонатален хидроцефалус“, ***Medicus*** – информативен гласник за јавното здравство, бр. 9, септември 2010 г.;

Во трудот се презентирани клиничките и *имицинг* резултатите кај новородените деца со хидроцефалус. Трудот има информативен карактер и клиничка вредност.

2. **Ј. Бреслиева**, Л.Донева „Skin prick test-spt on children with asthma“, **Abstract book** Southeast European medical forum (SEEMF) First inertnational medical congress, September, 2010, str. 87.

Во трудот се опишуваат кутаните тестови и нивните резултати во корелација со клиничките знаци на астма и значењето на овие знаци.

3. Л.Донева., **Ј.Бреслиева**, „Asthma in childhood – case presentation“, **Abstract book** Southeast European medical forum (SEEMF) First inertnational medical congress, September 2010, str. 89.

Во трудот е прикажан случај на дете со астма, со нетипични симптоми на болеста, со подоцнежна манифестација на знаците и проблемите од задоцнетото откривање на болеста.

4. **Ј.Бреслиева**, Л.Донева, „Сидеропенична анемија во детска возраст”, **Зборник на апстракти и трудови** на 5. Конгрес на Здружението на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, октомври 2011 год., стр. 119.

Во трудот се презентирани клиничките знаци, лабораториската потврда и лекувањето на децата со сидропенична анемија. Даден е акцент на раното препознавање на знаците на анемија, во интерес на пораното започнување на терапијата и спречување од несакани последици.

5. Л.Донева, **Ј.Бреслиева, „**Ехинококоза во детска возраст – приказ на случај”, **Зборник на апстракти и трудови** на 5. Конгрес на Здружението на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, октомври 2011 год., стр. 57.

Во трудот е презентиран приказ на случај на ехинококоза во детската возраст, со напомена дека во Макеонија сеуште инциденцијата на ехинококозата е висока, дадени се сите знаци на клиничката манифестација, начинот на препознавање и лекувањето.

6. В. Златковска**,** М.Гацова, Л.Донева, **Ј.Беслиева**, Љ. Коиќ, В Тамара, „Конгенитални пулмонални цисти – приказ на случај“, **Зборник на апстракти и трудови** на 5. Конгрес на Здружението на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, октомври 2011 год., стр.332.

Во овој труд е прикажан многу редок случај на конгенитална циста на белите дробови и нетипичната манифестација на истата, со многу широка палета на диференцијална дијагноза. Има практична вредност за клиничарите, насочувајќи го размислувањето и во овој правец.

7. **Ј. Бреслиева**., Л. Донева, “Echocardiography in diagnosis of childrens hearth murmurs”, **Cardiologia CROATICA,** broj 5-6 May – June 2013; 8(5-6):164.

Во овој труд се опишани повеќе случаи на деца со срцеви шумови, нивното значење и корелацијата со клиничката манифестација и потврдата на евентуалното постоење на срцеви отстапувања. Даден е акцент на невините шумови, кои немаат клинички одраз врз општата состојба.

*Учество на конференции*

1. Southeast European medical forum (SEEMF) First inertnational medical congress, 22 – 25. 9.2010 Varna Bugarija (постер);
2. Петти конгрес на Здружението на педијатрите на Македонија со меѓународно учество 5-9 октомври 2011 год., Охрид, Македонија (poster);
3. 7th Croatian Echocardiography Meeting with Inernational Participation - CroEcho, May 23-25. 2013, Dubrovnik Croatia (oral presentation);

**Д-р Иван Милев**

*Биографски податоци*

Кандидатот **Иван Владислав Милев** е роден на 27 декември 1969 година во Скопје. Основно образование завршува во 1984 година со одличен успех. Средно образование завршува во 1987 година во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје, насока Медицински лаборант - санитарен техничар, со одличен успех. Во учебната 1987/1988 година се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје и дипломира во јули 1994 година со просечен успех 9,69. Од јули 1994 година престојува на Универзитетската клиника за детски болести - оддел Пулмоалергологија и интензивна нега. Стручниот лекарски испит го положува во јуни 1995 година. Од септември 1995 година е вработен на Универзитетска клиника за детски болести - Скопје. Од септември 1996 година ја започнува специјализацијата по областа *педијатрија* на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата по педијатрија ја завршува со успех на 28 септември 2000 година. Од 10 октомври 2001 година е вработен во ЦВЗУ Кардиохирургија, а од февруари 2012 во ПЗУ „Филип Втори“. Во јануари 2008 година е назначен за одговорен лекар-координатор на Дијагностичкиот центар на ПЗУ „Филип Втори“. Од 1 октомври 2007 година ја започнува супспецијализацијата по областа кардиологија. Во 2009 година е избран за редовен асистент на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип. Супспецијализацијата по кардиологија ја завршува на 23 мај 2011 година и се стекнува со звање супспецијалист кардиолог.

Има познавање на англиски јазик и работа со компјутери (MS Windows, MS Word, MS Exel, MS Power Point, internet).

*Едукации со добиени сертификати:*

- 2000- Вродени срцеви заболувања кај деца и возрасни, III International workshop, ECS, Франкфурт, Германија.
- 2001 – Едукација со траење од 6 месеци во Детската клиника за кардиологија и кардиохирургија, Оддел интензивна нега и хемодинамска лабораторија во Софија-Бугарија, под менторство на проф. Владимир Пилософ.
- 2007 – Курс за трансторакална ехокардиографија и нејзина клиничка апликација во организација на Европската асоцијација за ехокардиографија – Белград, Србија.
- 2009 – Курс за напредно одржување во живот во организација на Македонското здружение за реанимација под покровителство на Европското здружение и 5-годишна сертификација.
- 2010 – Курс за емболизирачки техники и емболизирачки процедури, во организација на Cook Medical, Сарагоса, Шпанија.
- 2012 – Курс за “Three-Dimensional Echocardiography, Myocardial Velocity and Deformation imaging, во организација на Европската асоцијација за ехокардиографија – Скопје.
- 2012- Балкански ендоваскуларен курс, Софија, Бугарија.
- 2009-избран за асистент на УГД, Факултет за медицински науки.

*Учество на конгреси, мултицентрични студии и работилници*

- 2004 – Водење на работилница во соработка Црвен крст на Град Скопје и Кардиохирургија „Филип Втори“ на тема „Едукација на деца со вродени срцеви аномалии и нивните родители“ – Струга.
- 2008 - Новини во педијатрија, со меѓународно учество - орална презентација.
- 2008 - Прв неонатолошки конгрес во Р.Македонија - орална презентација.

– 2009 – Учество на Првиот кардиолошки конгрес на Република Српска со меѓународно учество – Бања Лука - орална презентација.
– 2010 – Учество на 4. Кардиолошки конгрес на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2010, Abstract book 2010:131 - орална презентација.
– 2011 – Водење на работилница во соработка со Црвен крст на Град Скопје и Специјална болница за хирурушки болести „Филип Втори“ на тема „Едукација на деца со вродени срцеви аномалии и нивните родители“ – Струга.

***Список на публицирани трудови***

Трудовите од реден број 1 до реден број 4 се веќе рецензирани во Билтенот на УГД - Штип од 2009 година.

**1.Евалуација на акутна дисекција на аорта со транзезофагеална ехокардиографија**

- Василева Аница, **Милев Иван**, Ампова Вилма, Идризи Шпенд, Анѓушева Тања, Митрев Жан

ПЗО Специјална болница за кардиохирургија „Филип Втори“, Скопје, Македонија.

Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид.

Во овој труд се обработува улогата на трансезофагеалната ехокардиографија во секојдневната пракса на кардиологот со посебен осврт на условите во интензивната нега, како и предоперативната и постоперативната евалуација на пациентите по кардиохируршките зафати.

**2.Автотрансплантација како алтернативен метод кај терминална митрална болест**

*- Василева А., Ампова В., **Милев И**., Идризи Ш., Анѓушева Т., Митрев Ж.*

*ПЗО Специјална болница за кардиохирургија „Филип Втори”, Скопје, Македонија*

Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид

Во трудот се прикажува една релативно нова и ретка метода во кардиохирургијата на валвуларниот апарат на срцето, посебно митралната валвула. Кај гигантско дилатираните срцеви предкомори, еден од начините за подобрување на перформансите на срцето е и негова екскорпорација т.е. вадење надвор од организмот на пациентот и реконструкција на залистоците, валвулите и останатите патолошко изменети структури.

**3. Assessment of graft and coronary arteries with (64-slice) ct – angiography after coronary artery bypass surgery-our experiences**

*- Велјановска Л., Соколов В.,**Милев И**.,Идризи Ш.,Митрев Ж.*

BCR- Врњачка СПА, Србија, новембар 2008.

Овој труд е произлезен од иницијалните искуства што беа стекнати во полето на повеќеслојната компјутерска коронарографија и графтографија. Во него се покажани резултатите од употребата на МСКТ кај пацидентите кои веќе биле на бајпас хирургија, во однос на проценката на нативните артерии и креираните графтови.

**4. Потреба и улогата на транзезофагеалната ехокардиографија во раниот постоперативен период по кардиохируршите операции**

*- Идризи Ш., **Иван М**., Идоски Е., Василева А., Анѓушева Т., Митрев Ж.*

*Специјална болница за кардиохирургија „Филип Втори”, Скопје, Македонија*

Стручен симпозиум на Здружението на лекарите, стоматолозите и фармацевтите Албанци на Македонија, Струга, 27 октомври 2006 година.

Во овој труд се претставени искуствата на лекарите кардиолози во постоперативната кардиохирурша интензивна нега и улогата на трансезофагеалната ехокардиографија во третманот на оперираните пациенти.

*За овој реизбор се доставени трудовите од реден број 5 до реден број 19 со копии од публикациите:*

**5. Diagnostic accuracy of coronary angiography with 64- slice msct in asimptomatic patients prior to non coronary vascular operations in comparison with conventional angiography-our experience.**

*- Велјановска Л., Атанасов З., Божиновска Б., Идризи Ш.,Ампова В.,**Милев И**.*

ESCR 2009, 8-10 октомбар 2009 год, Лајпциг – Германија.

Овој труд ги претставува компаративните резултати помеѓу повеќеслојната компјутерска коронарографија и конвенционалната селективна коронарографија кај пациенти кои биле насочени кон вонсрцеви васкуларни операции (периферна, каротидна реваскуларизација), со цел за исклучување на атеросклеротската болест на срцето.

**6. PCI vs. САВГ во третман на повеќесадовна коронарна артериска болест**

Ш. Идризи**, И. Милев**, В. Ампова-Соколов, Т. Анѓушева, Л. Велјановска, З. Атанасов, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Во овој труд се прикажани резултатите на интервентното перкутано лекување на пациентите со коронарна артериска болест во споредба со оперативното лекување и бај-пас хирургијата. Материјалот е користен од ангиографската и оперативната статистика на „Филип Втори".

**7. Инвазивни и неинвазивни резултати на перкутана балон валвулопластика на пулмоналната валвула**

Ш. Идризи**, И. Милев**, В. Ампова-Соколов, Т. Анѓушева, Б. Божиновска, Ж. Митрев Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Првата перкутана балон валвулопластика на педијатриски пациент со пулмонална стеноза во РМ и во „Филип Втори" е направена во 2003 година. Овој труд ги претставува краткорочните и среднорочните (петгодишни) резултати од оваа студија.

**8. Трансрадијален пристап на амбулантски третман кај перкутани интервенции**

В. Ампова-Соколов, **И. Милев**, Ш. Идризи**,** Л . Велјановска, З. Атанасов, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Овој труд ги опфаќа резултатите од петгодишното искуство на трансрадијалниот пристап на дијагностичката коронарографија, како и перкутаните коронарни интервенции. Тука се истакнати сите предности на трансрадијалниот пристап, како и натамошните трендови во доменот на перкутаните интервенции.

**9. Scimitar синдром - приказ на случај**

Борјанка Георгиева, В. Ампова-Соколов, **И. Милев**, Ш. Идризи, Л . Велјановска, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Овој *case report* е наменет за исклучително редок (1-3/100.000 пациенти) синдром кој бил дијагностициран со помош на ехокардиографскиот преглед и прегледот на повеќеслојниот компјутер во „Филип Втори".

**10. Предоперативни пулмонални функционални тестови кај пациенти за АЦБП**

Јулијана Шорко, Ш. Идризи, **И. Милев**, В. Ампова-Соколов, Т. Анѓушева, Борјанка Георгиевска, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" –Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Во трудот е истакнато значењето на предоперативната дијагностика на белодробните заболувања, како и одредувањето на белодробната функција на пациенти кои биле подвргнати на кардиохируршки зафат, како и значењето на предоперативната медикаментозна белодробна подготовка.

**11.Трансезофагеална ехокардиографија во дијагноза на аортна дисекција**

Т. Анѓушева, **И. Милев**, Ш. Идризи**,** В. Петровски, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Тука е истакнато значењето на трансезофагеалната ехокардиографија во дијагностиката на аортната дисекција - како ургентна состојба во кардиохирургијата и нашите резултати од нејзината примена.

**12. Амплатзер оклузија на паравалвуларно пропуштање на механичка протеза по реоперација на дехисценција на митрална механичка протеза - приказ на случај**

В. Ампова-Соколов, Димитар Схранз, Никола Христов, **И. Милев**, Ш. Идризи**,** Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Овој труд е објавен како приказ на случај на пациент кај кого веќе два пати бил извршен валвуларен митрален репласман. Поради изразено паравалвуларно пропуштање и ризик од трет оперативен зафат, кај пациентот била имплантирана протеза на местото на пропуштањето и истото било перкутано затворено.

**13. Асимптоматска аортна стеноза и критериуми за хируршки третман**

Јулијана Шорко, Ш. Идризи**, И. Милев** - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Во овој труд е нагласена стратегијата за хируршко лекување на пациентите со асимптоматска аортна стеноза и оперативните критериуми.

**14. ALCAPA sindrom (anomalous left coronary artery from the pulmonary artery) case report**

З. Атанасов, Л. Велјановска, Б. Божиновска, **И. Милев**, Ш. Идризи**,** В. Ампова-Соколов Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Во овој труд е прикажан случај на адултна форма на аномална лева коронарна артерија која излегува од белодробната артерија и креира лево-десен интракардијален шант кај пациент со адултна форма на овој редок синдром.

**15. Конгенитална аортна стеноза - приказ на случај**

**И. Милев**, Ш. Идризи, В. Ампова-Соколов, Б. Божиновска, Л . Велјановска, З. Атанасов, Јулијана Шорко, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Во овој труд се прикажани резултатите од перкутаната балон ангиопластика на аортната валвула на педијатриски пациент со вродена аортна стеноза.

**16. The benefit of 64 multidetector computed tomography (MDCT) prior to invasive coronary angiography in symptomatic post CABG patients - our experiences**

Л. Велјановска, З. Атанасов, Б. Божиновска, Ш. Идризи, В. Ампова-Соколов**, И. Милев**, Т. Анѓушева, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ –Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Прикажани се иницијалните резултати и позитивните страни на изведувањето на повеќеслојната компјутерска коронарографија пред класичното ангиографско иследување и интервентно лекување на пациенти кои веќе биле подложени на хируршка коронарна реваскуларизација.

**17. Asesment of coronary arteries with ECG Gated 64- multidetector computed tomography (MDCT) in patients with suspected aortic dissection Stanford type A.**

Л. Велјановска, З. Атанасов, Б. Божиновска, Ш. Идризи, В. Ампова-Соколов, **И. Милев,** Т. Анѓушева, Жан Митрев - Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ –Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Во овој труд е даден приказ на резултатите од предоперативната повеќеслојна компјутерска коронарографија кај итни пациенти кои биле оперирани поради дисекција на аортата, а коронарографското иследување е реализирано во склоп на предоперативната аортографија.

**18. Интервентни процедури во третман на вродените срцеви мани**

**И. Милев**, Ш. Идризи**,** Јулијана Сорко**,** В. Ампова-Соколов, Жан Митрев

Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје.

IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Тука се прикажани осумгодишните резултати во третман на вродените срцеви заболувања кај деца и адултни пациенти во „Филип Втори“. Класификација е според возраста, типот на срцевото заболување и материјалите кои биле користени при интервентното лекување.

**19.Транскатетер перкутано затворање на дуктус артериозус персистенс**
**И. Милев**, Ш. Идризи**,** Јулијана Сорко**,** В. Ампова-Соколов, Жан Митрев
Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје.
IV Македонски конгрес по кардиологија, 2-6 јуни 2010 година.

Тука се прикажани седумгодишните резултати во третман на перистентите артериски канали (ДАП) кај деца и адултни пациенти во „Филип Втори“. Анализата е извршена според возраста, морфологијата и големината на каналот и материјалите кои биле користени при интервентното лекување.

***Членство***

Член на Лекарска комора на Р. Македонија, на Македонско педијатриско здружение, на Македонското кардиолошко здружение, на Европското кардиолошко здружение, на Европското здружение за ресусцитација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високото образование, како и според Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, кандидатот **д-р Иван Милев**, со стекнатиот академски степен на образование, објавените научни трудови, учеството во реализацијата на наставата и работа на научноистражувачки проекти, ги исполнува сите критериуми за избор во академско звање асистент.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип **д-р Иван Милев** да го избере во **асистент (специјалист) за научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Насловен вонр. проф. д-р Елизабета Зисовска - претседател, с.р.**
**Насловен вонр. проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска - член, с.р.**
**Доц. д-р Васо Талевски - член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Иван Милев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Наставно-образовна (НО) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на активност** | **поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 18 | Раководител на семинар | 2 | 2 | | | 4 |
| 26 | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 16 x 0,2 | | | | 3,2 |
| | | | | | **Вкупно НО** | **7,2** |
| | **Научноистражувачка дејност (НИ)** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 7 | Секциско предавање на научен собир | 2 | 1 | | | 2 |
| 8 | Одржано предавање по покана на научна институција | 2 | 2 | | | 4 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 14 | 1,5 | 1 | 2 | 15,5 |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум 3 проекти) | | | 1 | 3 | 3 |
| 22 | Студиски престој во странство | | | | | 8 |
| | | | | | **Вкупно НИ** | **32,5** |
| | | | | | **Вкупно НО +НИ** | **39,7** |